Радоста што ја чувствува човекот
кога ќе добие материјален дар
е човечка радост,
а радоста што ја чувствува кога *дава*
е божествена
Божествената радост доаѓа со давањето!

Бог допушта искушенија и препреки во духовниот живот за луѓето да се здобијат со „искуство и сила да Го познаат, да ја познаат Неговата промисла за нив, бидејќи низ искушенијата се стекнува мудрост“.

*Свети Исак Сирин*

Демоните не можат да придвижат која било страст ако во душата е присутна љубовта и воздржанието.

*Свети Максим Исповедник*

Како што притиснатата вода се качува угоре, така и душата, притисната од несреќата, преку покајанието се искачува кон Бога и се спасува.

*Свети Јован Лествичник*

Знак за покајание е кога човекот смета дека ја заслужува секоја видлива и невидлива неволја што ќе му се случи, па дури и нешто потешко.

*Свети Јован Лествичник*

Постојано да се молиме да имаме љубов едни за други...

*Старец Софрониј*

Со изобилието на дарот на Својата благодат, Бог на оние кои веруваат им дава неволји и искушенија.

*Свети Исак Сирин*

Немарноста и мрзеливоста во луѓето пораѓаат зли страсти.
Бог не е нивната причина. Со слободата на изборот демоните стануваат зли, како и повеќето од луѓето.

*Свети Антониј Велики*

Многу често робувањето на страстите е еден вид педагогија, начин човекот да му се врати на духовниот живот со уште поголемо разбирање и искуство.

*Христос Јанарас*

Царството Небесно е налик на Божјата скинија; зашто и тоа, како и Мојсеевата скинија, во идниот век ќе има две завеси; во првата ќе влезат сите осветени од благодатта, а во втората само најсовршените.
Под „многу обители“ Спасителот ги именувал различните степени на тамошните состојби. Царството е едно, но внатре во него има многу разлики, според различностите во добродетелите и знаењата на оние кои влегуваат во него, и во мерата на обожението. Зашто „една е славата на сонцето, друга е славата на месечината, инаква е пак, на ѕвездите; па и ѕвезда од ѕвезда по славата се разликува“, како што вели Божествениот Апостол (1Кор. 15,41), иако сите светат на божествениот свод.

*Свети Григориј Синаитски*

Бегањето од светот кон Христа дава прибежиште.
Свет, пак, ја нарекувам љубовта кон сетилните нешта и кон телото. Оној којшто со разбирање на Вистината се отуѓил од тоа станува Христов посвоеник кој ја умножува љубовта Негова, со која ја отфрла севкупноста на овој свет и го купува „скапоцениот бисер“ Христа.

*Свети Теолипт Филаделфиски*

Крштението не му ја одзема на човекот власта над самиот себе и слободата на изборот, туку му дарува слобода со својата волја да се спротивстави на тиранијата на ѓаволот.

*Свети Симеон Нов Богослов*

Ако не се познаваме себеси, не знаеме што е смирение, ниту се приближуваме кон вистинското остварување и чување на заповедите.
Познанието на длабочините на своето битие е целта на стекнувањето добродетели.

*Преподобен Никита Ститат*

Изгони ја од себе негрижата и со тоа ќе го изгониш злото кое е погрешна употреба на мислите, на која и следува злоупотребата на нештата.

*Свети Максим Исповедник*

Смиреноумен е оној кој стигнал до крајното смирение, односно до слободата. Тоа е оној кој смета дека е подолу од секоја твар и од секој човек, и кој заради тоа никогаш не паѓа. Како и би можел да падне оној кој е под сите созданија.

*Свети Макариј Египетски*

Целта на стремежот на подвижникот е во тоа да го чувствува сето битие во неговата првобитно создадена убавина. Светиот Дух се открива во способноста да се согледа убавината на созданијата. Да се гледа секогаш и во сè убавина тоа би значело „да се воскресне пред сеопштото воскресение“.

*Павле Флоренски*

Човекот кој трпеливо поднесува кога го озборуваат или навредуваат личи на оној кој го заклучил лавот во кафез, а оној кој одговара со озборување и со навреди, личи на човек којшто самиот себеси се удира (со оружје).

*Свети Ефрем Сирин*

Кога се молиш не Му придавај на Божеството никаков облик и не дозволувај умот да ти се преобрази во некаков образ (или себеси да се претставува во некој образ), туку невештествено пристапи кон невештественото, па ќе се соединиш со Него.
Ако сакаш да се молиш исправно не прави ништо што е спротивно на молитвата. Тогаш Бог, приближувајќи ти се, ќе чекори со тебе.

*Свети Нил Синајски*

Мисли си во себе: „Денешниов ден ми е последен на овој свет“, и така ќе се спасиш од гревот.

*Ава Исаија*

Ако го ослободиш умот од секаква надеж во нештата од видливиот свет, тоа значи дека гревот умрел во тебе.
Ако умот се ослободи, тргната е преградата што стоела меѓу него и Бог.

Ава Исаија

Кога се сеќаваш на Бога, умножи ги своите молитви, за да се сети и Бог на тебе, кога ти ќе Го заборавиш.

*Свети Марко Подвижник*

Кога некој ви нанесува неправда, не велете „Бог ќе му врати“, бидејќи во тој случај „учтиво“ колнете.


ПРЕМИН